АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-177/1
04-06-2020

Друштво за производство и трговија и услуги ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз
Бр. 0307/192
08.06. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.05.2020 година, на ден_________.2020 година се склучува

**РАМКОВНА СПОГОДБА**
**за јавна набавка на стоки**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за производство, трговија и услуги ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз Скопје** со седиште на ул.Јуриј Гагарин бр.55, 1000 Скопје, застапувано од Управителот Миле Стојковски (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

Член 1

Предмет на оваа Рамковна спогодба е набавка на стоки - потрошни материјали за ласерски печатачи и мултифункционални машини во сопственост на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно техничките спецификации, содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.05272/2020.

## III. ЈАЗИК НА СПОГОДБАТА

Член 2

Јазик на Рамковната спогодба и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА СПОГОДБАТА

Член 3

Единечните цени на поединечните ставки се дадени во образецот на конечна понуда на Носителот на набавката од 12.05.2020 година, која е составен дел на оваа Рамковна спогодба:

| Ред Бр. | Опис | Ед. мерка | Минимум копии по парче во број на страни | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **XEROX Work Centre 3615** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 14 100 | 1.540,00 | 277,20 |
| 2. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Konica Minolta Bizhub 20** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 8 000 | 730,40 | 131,47 |
| 3. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Konica Minolta 7115** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 11 000 | 660,00 | 118,80 |
| 4. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички | парче | 27 000 | 1.936,00 | 348,48 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | полнет) **тонер** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | | | | |
| 5. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, жолта боја **(Yellow Color)** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 25 000 | 2.816,00 | 506,88 |
| 6. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, сино-зелена боја **(Cyan Color)** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 25 000 | 2.816,00 | 506,88 |
| 7. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, циклама-црвена боја **(Magenta Color)** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 25 000 | 2.816,00 | 506,88 |
| 8. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Konica Minolta Bizhub 652** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 37 500 | 3.564,00 | 641,52 |
| 9. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Samsung Xpress M2022** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 800 | 910,80 | 163,94 |
| 10. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Samsung ML-1675** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 500 | 572,00 | 102,96 |
| 11. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Samsung ML-1670** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 500 | 572,00 | 102,96 |
| 12. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Samsung Xpress SL-M2675F** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 3 000 | 682,00 | 122,76 |
| 13. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Lexmark E250dn** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 3 500 | 1.069,20 | 192,46 |
| 14. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Lexmark MX410de** или еквивалентно, црна боја со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 10 000 | 1.760,00 | 316,80 |
| 15. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Lexmark X860de** или еквивалентно, црна боја со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 35 000 | 3.300,00 | 594,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet Pro M102a** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 600 | 506,00 | 91,08 |
| 17. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet 1300** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 3 500 | 721,60 | 129,89 |
| 18. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet 1320** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 7 000 | 726,00 | 130,68 |
| 19. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet 1200** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 3 500 | 721,60 | 129,89 |
| 20. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet 1102** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 600 | 374,00 | 67,32 |
| 21. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet 1018** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 4 000 | 462,00 | 83,16 |
| 22. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet P3005x** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 13 000 | 968,00 | 174,24 |
| 23. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet 1010** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 4 000 | 462,00 | 83,16 |
| 24. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet Pro M1212** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 600 | 374,00 | 67,32 |
| 25. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP LaserJet Pro MFP M125a** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 500 | 374,00 | 67,32 |
| 26. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **HP 1536 MFP** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 2 100 | 374,00 | 67,32 |
| 27. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Canon LBP6300** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 6 400 | 660,00 | 118,80 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Canon IR 1020** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 8 400 | 594,00 | 106,92 |
| 29. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Canon NP 6317** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 3 800 | 198,00 | 35,64 |
| 30. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Canon MF4750 DN** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 2 100 | 374,00 | 67,32 |
| 31. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Brother HL-1112E** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 000 | 308,00 | 55,44 |
| 32. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Brother HL-2130** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 000 | 396,00 | 71,28 |
| 33. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Brother DCP-1510E** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 000 | 308,00 | 55,44 |
| 34. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Dell 1720** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 6 000 | 730,40 | 131,47 |
| 35. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **EPSON AL-MX 14 NF** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 000 | 308,00 | 55,44 |
| 36. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **EPSON EPL 6200L** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 6 000 | 1.056,00 | 190,08 |
| 37. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **тонер** за **Brother HL-1112E** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 1 000 | 308,00 | 55,44 |
| 38. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **XEROX Work Centre 3615** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 68 000 | 6.050,00 | 1.089,00 |
| 39. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Lexmark X860de** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 48 000 | 7.062,00 | 1.271,16 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 40. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Lexmark E250** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 30 000 | 1.606,00 | 289,08 |
| 41. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Lexmark MX410** или еквивалентно, црна боја со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 60 000 | 1.870,00 | 336,60 |
| 42. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta Bizhub 20** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката Konica Minolta 7115 | парче | 25 000 | 862,40 | 155,23 |
| 43. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta 7115** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 40 000 | 5.720,00 | 1.029,60 |
| 44. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 130 000 | 4.400,00 | 792,00 |
| 45. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, **жолта боја (Yellow Color)** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 75 000 | 4.840,00 | 871,20 |
| 46. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, **сино-зелена боја (Cyan Color)** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 75 000 | 4.840,00 | 871,20 |
| 47. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta Bizhub C224** или еквивалентно, **циклама-црвена боја (Magenta Color)** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 75 000 | 4.840,00 | 871,20 |
| 48. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Konica Minolta Bizhub 652** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 285 000 | 21.120,00 | 3.801,60 |
| 49. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Samsung Xpress SL-M2675F** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 9 000 | 770,00 | 138,60 |
| 50. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **HP LaserJet Pro M102a** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 12 000 | 836,00 | 150,48 |
| 51. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **валјак (Drum Unit)** за **Epson EPL 600L** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 20 000 | 1.650,00 | 297,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 52. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **ваљак (Drum Unit)** за **Brother HL-1112E** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 10 000 | 528,00 | 95,04 |
| 53. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **ваљак (Drum Unit)** за **Brother HL-2130** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 12 000 | 594,00 | 106,92 |
| 54. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **ваљак (Drum Unit)** за **Brother DCP-1510E** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 10 000 | 528,00 | 95,04 |
| 55. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **ваљак (Drum Unit)** за **DELL 1720** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 30 000 | 968,00 | 174,24 |
| 56. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **ваљак (Drum Unit)** за **Canon 6317** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 60 000 | 1.210,00 | 217,80 |
| 57. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) **ваљак (Drum Unit)** за **Canon IR 1020** или еквивалентно, **црна боја** со вклучена гаранција 12 месеци од денот на испораката | парче | 26 900 | 1.584,00 | 285,12 |
| | Вкупна цена на листата без ДДВ: 108.926,40 МКД<br>Со зборови: сто и осум илјади деветстотини дваесет и шест денари и четириесет дени | | | | |

Во вкупната цена на листата со цени се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

Вкупната вредност на Рамковната спогодба **не може да изнесува повеќе од 1.060.000,00 денари**, без вклучен ДДВ.

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цените искажани во понудата на Носителот на набавката се фиксни и не се предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Рамковната спогодба.

## VI.ВРЕМЕТАЕЊЕ И НАЧИН НА РЕАЛИЗИАЦИЈА НА СПОГОДБАТА

Член 5

Рамковната спогодба се склучува за временски период од 12 месеци, сметано од денот на нејзиното потпишување од двете договорни страни или до нејзиното вредносно исполнување, во зависност од тоа што попрво ќе истече или ќе се исполни.
Договорниот орган нема обврска да го реализира вкупниот износ на вредноста на оваа Рамковна спогодба.

Член 6

Оваа спогодба се реализира со доделување на поединечни договори за јавна набавка.
Поединечните договори ги доделува Договорниот орган на Носителот на набавката сукцесивно , согласно своите потреби од овој вид на стоки, за целиот период на времетраење на оваа спогодба.

Елементите на поединечните договори ќе бидат во се според условите од оваа спогодба и останатите услови по спроведената постапка за јавна набавка на Договорниот орган со број на оглас 05272/2020 и истите ќе останат непроменети за целото времетраење на спогодбата.
Поединечните договори ќе се сметаат за склучени со давање на писмена нарачка од Договорниот орган до Носителот на набавката.
Со потпишувањето на Рамковната спогодба од двете договорни страни, Носителот на набавката потврдува и се согласува дека без приговор ги прифаќа за реализација сите поединечни договори за јавна набавка доделени од Договорниот орган по оваа Рамковна спогодба.

Поединечните договори за јавна набавка ќе се склучуваат пред истекот на рокот на Рамковната спогодба.

## VII. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 7

Носителот на набавката се обврзува испораките на стоките предмет на оваа Рамковна спогодба, односно на поедничните договори кои произлегуваат од истата, да ги врши франко Централна служба, лоцирана на ул."Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје и тоа во рок од најмногу 5 (пет) работни дена од денот на склучување на поединечниот договор/нарачка, за вид и количина која ја има на залиха.
Позициите кои во моментот на нарачката не се достапни и предвидуваат увоз од странство, Носителот на набавката е должен да ги испорача во рок не подолг од 40 (четириесет) работни дена, од денот на склучување на поединечниот договор/нарачка.
Носителот на набавката е должен стоките-предмет на поедничните договори да ги испорача на паритет ДДП (според ИНКОТЕРМС 2010) со документ Испратница.
Доколку се јави потреба од техничка помош при вградување на било која компонента, истата треба да биде обезбедена од страна на Носителот на набавката, без дополнителен надомест.

## VIII. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 8

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на стоките, односно гарантира дека потрошните материјали немаат маани и недостатоци што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба. Трошоците за отклонување на евентуалните дефекти на ласерските печатачи/мултифункционални машини кои би се јавиле како последица од користење на потрошните материјали, ќе паднат на товар на Носителот на набавката.

Член 9

Недостаток на стоката постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба,
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган,
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изрично договорени, односно пропишани и
- кога Носителот на набавката предал стока која не е соодветена на условите и барањата од техничките спецификации.

Член 10

Договорниот орган е должен примените стоки на вообичаен начин да ги прегледа или да ги даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена.
Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Член 11

Кога по приемот на стоките од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоките имаат некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нивното превземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.
Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат дванаесет месеци од предавањето на стоките.

Член 12

Во известувањето за недостатокот на стоките Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ги прегледа стоките.

Ако известувањето за недостатокот, кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

Член 13

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоките да ги прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на дванаесет месеци од предавањето на стоките, ако тој недостаток му бил познат на Носителот на набавката или не можел да му остане непознат.

Член 14

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот) во дополнителен примерен рок од 8 дена,
2) да бара намалување на цената или да изјави дека го раскинува договорот доколку не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок.

Член 15

Договорниот орган може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

Член 16

Кога поради некој недостаток дошло до испорака на друга стока/и, роковите од членовите 10 и 11 на овој Договор почнуваат да течат од предавањето на друга стока/и.

Член 17

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправноста или недостатоците на стоката која е предмет на оваа Спогодба согласно Законот за облигационите односи и Законот за заштита на потрошувачи.

## IX. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 18

Плаќањето на стоките кои се предмет на испорака ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

За секоја испорака, фактурата мора да биде придружена со испратница, потпишана од овластени лица на двете договорни страни.

## X. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 19

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од оваа Рамковна спогодба, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XI. ВИША СИЛА

Член 20

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на оваа Рамковна спогодба до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Рамковната спогодба може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 21

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од оваа Рамковна спогодба само спогодбено со склучување Анекс доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.
Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Измените и дополнувањата на оваа Рамковна спогодба се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 22

Договорниот орган го задржува правото да бара надомест на штета што би ја претрпел поради неисполнување или задоцнето исполнување на договорните обврски од оваа Рамковна спогодба и поединечните договори/ нарачки кои произлегуваат од истата согласно Законот за облигациони односи.

Член 23

Сите евентуални спорови кои би произлегле од оваа Рамковна спогодба, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 24

За следење на реализацијата на оваа Рамковна спогодба и поедничните договори/нарачки кои произлегуваат од истата, Договорниот орган го определува лицето Ристе Тасев, вработен кај Договорниот орган, кој има задача да ја следи реализација на Рамковната спогодба и поединечните договори/нарачки, односно да врши контрола дали извршувањето на поединечните договори/нарачки е во согласност со условите од Рамковната спогодба, дали испораките се согласно Рамковната спогодба и тоа од квантитативен и квалитативен аспект, а по целосната реализација на Рамковната спогодба и поединечните договори/нарачки кои произлегуваат од истата, да достави известување за реализирана Рамковна спогодба до Одделението за јавни набавки.

Член 25

Оваа Рамковна спогодба е составена во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Марина Зафировска
Заменик Претседател на Комисија за јавна набавка
Марија Петровска
Раководител на Одделение за јавни набавки
Весна Пешова
Раководител на Сектор за правни и административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката
**Друштво за производство, трговија и услуги ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз Скопје**

Управител
Миле Стојковски